ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 08 – 138/7**

**Дата: 23.09.2010**

ДО

МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Македонска информативна агенција (во понатамошниот текст - МИА) - сметка за редовно работење за 2009 година.
Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на МИА за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.
Изразено е мислење со резерва за вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Правилникот за систематизација не е дизајниран и пополнет согласно потребите на МИА. Во систематизацијата не е предвидено работно место правник, туку е ангажирана адвокатска канцеларија, а сметководствената евиденција ја извршува надворешен правен субјект иако во систематизацијата е предвидено работно место сметководител.
Постои значаен настан кој не влијае на мислењето, но сепак треба да се истакне.
Имено, ангажирани се други информативни агенции од страна на Владата на Република Македонија, за истите услуги за кои е формирана МИА, со што ја доведува во прашање потребата за ангажирање на постојани дописници во Брисел и Вашингтон од аспект на економично и ефикасно користење на буџетските средства.

| **Ревизорски тим:** | **Овластен државен ревизор** |
|---|---|
| *1.*_______________________ | ________ _______________ |
| *2.*_______________________ | |

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 8 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на МИА – сметка за редовно работење кои се состојат од Билансот на успех и Билансот на состојба за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на МИА за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

› Љупчо Јакимоски, директор на МИА

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на МИА се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот.

Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извешти. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 03/06/2010 до 02/07/2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои се опфатени во овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на МИА– предмет на ревизија.

### 3.1. Интерни контроли

3.1.1. Со увид во интерните акти, ревизијата констатира дека МИА функционира без пишани процедури во финансиските процеси со што се зголемува ризикот од нецелосно и несоодветно извршување на процесите.

**Препорака:**

Одговорното лице да ги преземе потребните активности за изготвување на пишани процедури за процесите кои се одвиваат во институцијата.

### 3.2. Усогласеност со закони и прописи

3.2.1. Во Правилникот за систематизација и организација предвидени се три организациони единици техника, редакција и логистика со 30 вработени, при што:

- дополнително се ангажирани 13 лица дописници во земјата, три дописника во странство и 19 лица со авторски хонорари. Последните, заедно со постојаните вработени сочинуваат 49 лица, што го надминува бројот на предвидените работни места со систематизацијата;
- наведени се општи формулации за предвидените работни места односно за 25 вработени од планираните 30 работни места како потребно занимање е назначено –"сите занимања";
- во однос на лицата ангажирани со авторски хонорари не е запазена законската процедура според која за таков вид вработувања треба да се применуваат одредбите од Законот за агенции за привремени вработувања;
- сметководствената евиденција ја извршува надворешен правен субјект за кој се исплатени 194 илјади денари, иако во систематизацијата е предвидено работно место сметководител. Поради тоа постои ризик од намалена контрола на сметководствената евиденција;
- во систематизацијата не е предвидено работно место правник, туку е ангажирана адвокатска канцеларија поради што постои ризик од аспект на правна заштита на имотот.

**Препорака:**

Одговорното лице да ги преземе потребните мерки за изготвување на систематизација и соодветно пополнување на истата согласно активностите на МИА со цел да се избегнат горенаведените слабости.

3.2.2. Не е донесен интерен акт за доделување на награди во кој ќе се вградат критериуми заради зголемување на објективноста при исплата на истите, согласно член 22 од Правилникот за распоредување на добивката, платите и другите надоместоци на работниците во МИА. Во прилог на наведеното е тоа што во текот на целата 2009 година исти лица за исти работни задачи постојано се наградувани со 20% од месечната плата.

Според укажувањето на раководните лица исплатите се вршени поради надоместување на помалку пропишаните бодови за соодветни работни места во актот за систематизација.

**Препорака:**

Одговорното лице да изготви интерен акт со дефинирање на критериуми за утврдување на бодовите за соодветни работни места во систематизацијата.

**3.3. Финансиски извештаи**

3.3.1. Со увид во Билансот на состојба на позицијата побарувања, ревизијата констатира дека е искажано побарување кон Министерството за култура во износ од 174 илјади денари без соодветна документација со што повеќе се искажани побарувањата и приходите по овој основ. Имено, МИА како национална информативна агенција врз основа на претходната соработка доставила фактура до Министерството за култура, иако не бил склучен договор за тековната година. Министерството за култура доставило известување до МИА дека по спроведена постапка за јавна набавка склучен е договор со друга информативна агенција.

**Препорака:**

Одговорното лице да ги преземе потребните активности за сведување на побарувањата согласно извршените услуги и сметководствените документи.

### 3.4. Користење на средствата согласно законските прописи

3.4.1. Со увид во постапките за јавни набавки ревизијата го констатира следното:

- Планот за јавни набавки не е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Годишниот план за јавни набавки;
- со избраните најповолни понудувачи не се склучуваат договори за регулирање на меѓусебните односи;
- склучени се договори за одржување на компјутерска опрема и одржување софтвер во вкупен износ од 510 илјади денари без спроведени постапки за јавна набавка.

**Препорака:**

Одговорните лица во МИА, при реализација на јавните набавки да ги почитуваат одредбите на Законот, односно да преземат мерки за обезбедување конкурентност и еднаков третман за меѓуекономските оператори, транспарентност и интегритет во доделувањето на договорите за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во спроведените постапки.

## 4. Ревизорско мислење:

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.2, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на МИА на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 3.1., 3.2 и 3.3, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 5. Нагласување на прашања на неизвесност

Согласно меѓународниот стандард за ревизија 701 – модификација на извештајот на независниот ревизор, точка 5 се додава пасус за нагласување на прашање кое влијае на финансискиот извештај, Биланс на успех, но истиот нема влијание на ревизорското мислење. Ревизорот има право да го нагласи прашањето за ангажирање на МИА како национална агенција. Имено, за нејзините активности за 2009 година при планирање на Буџетот на РМ одобрени се средства во износ од

34,800 илјади денари кои се исплатени преку Службата за општи и заеднички работи при Владата на РМ, како субвенции за функционирање на МИА. Од друга страна, со ревизијата е констатирано дека Владата на РМ и Министерството за култура како државни органи делумно, односно воопшто не ги користат услугите на МИА, туку услугите од други субјекти. На овој начин се доведува во прашање функционирањето на МИА, имајќи предвид дека со Заклучок на Владата на РМ е заклучено да се испрати лице дописник од Брисел за кој се предвидени средства од 81,000 евра годишно. Со истиот Заклучок предвиден е и дописник во Вашингтон, за кој се планирани средства во износ од 99,000 долари. За техничко-технолошко опремување на истите (лаптопови, фотоапарати, камери и диктафони) одобрени се средства во износ од 23 илјади евра. Наведеното ќе има значајно влијание во вкупните трошоци на МИА во наредниот период. Ангажирањето на други субјекти од страна на Владата на Република Македонија за истите услуги за кои е формирана МИА, го поставува прашањето за потребата за ангажирање на постојани дописници во Брисел и Вашингтон од аспект на економично и ефикасно користење на буџетските средства.

Скопје, 22/09/2010 година

.

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 9,585 | 9,157 |
| Останати деловни приходи | 34,800 | 20,516 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **44,385** | **29,673** |
| Материјални трошоци | 6,089 | 4,200 |
| Трошоци за бруто плати | 19,481 | 15,576 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 1,158 | 1,236 |
| Останати оперативни трошоци | 9,381 | 7,932 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **36,109** | **28,944** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 29 | 7 |
| ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | 8,305 | 736 |
| Вонредни приходи | 2,347 | 720 |
| Вонредни расходи | 270 | 76 |
| ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 10,382 | 1,380 |
| **Даноци и придонеси** | **50** | **68** |
| НЕТО ДОБИВКА | 10,332 | 1,312 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 10,623 | 1,469 |
| Побарувања по основ на продажба | 5,541 | 3,989 |
| Краткорочни побарувања од работници | 0 | 343 |
| Други краткорочни побарувања | 319 | 48 |
| Залихи | 48 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | **16,531** | **5,849** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 2,118 | 2,523 |
| **Вкупно нетековни средства** | **2,118** | **2,523** |
| **Вкупна актива** | **18,649** | **8,372** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 1,096 | 1,127 |
| Останати краткорочни обврски | 1,546 | 1,570 |
| Одложени плаќања на трошоци | 343 | 343 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **2,985** | **3,040** |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 2,523 | 2,523 |
| Резерви | 1,694 | 1,694 |
| Акумулирана добивка | 1,115 | 0 |
| Добивка за финансиска година | 10,332 | 1,115 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **15,664** | **5,332** |
| **Вкупна пасива** | **18,649** | **8,372** |

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2009 ГОДИНА

во000денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Резерви | Акумулирана добивка | Добивка за финансиска година | **ВКУПНО КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба и промени на капиталот и резервите Состојба на ден 01 јануари 2009** | 2,523 | 1,694 | 1,115 | | **5,332** |
| **Зголемувања:** | | | | | - |
| Распоред на нето добивка | | | | | - |
| Добивка за 2009 година | | | | 10,332 | **10,332** |
| **Состојба на ден 31. декември 2009** | **2,523** | **1,694** | **1,115** | **10,332** | **15,664** |



**Ревизорски тим:** **Овластен државен ревизор**
*1.*___________________________ _________ _________________
*2.*___________________________

03.09.2010

08-138/6

МИА ■ Македонска Инфотмативна Агенција
1000 Скопје, ул. Бојмија К-2
П. фах: 4
Тел.: (+ 389 2) 246 16 00, Факс: (+ 389 2) 246 40 48
e-mail: uprava@mia.mk
www.mia.mk

www.mia.mk

**До г-ѓа Тања ТАНЕВСКА,**
*директор на Државниот завод за ревизија*

**Копија до: г-дин Бранислав ГУЛЕВ,**
*овластен државен ревизор*

Скопје

Акционерско друштво
Македонска информативна агенција-Скопје
во државна сопственост
АД МИА
Бр. 03/1201
02.09.2010 год.
СКОПЈЕ

*Скопје, 1 септември 2010 год.*

Премет: *Забелешки на Нацрт-извештајот од овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеноста за 2009 година, во Македонската информативна агенција (МИА).*

Почитувана госпоѓо Таневска,

Дозволете ми најнапред да Ви се заблагодарам за ревизијата во Македонската информативна агенција (МИА), за деловната 2009 год., извршена во текот на јуни 2010 година и да го изразам моето задоволство од коректната соработка со тимот на ДЗР кој работеше во МИА.

Во Нацрт-извештајот од ревизијата се изнесени забелешки и констатации за пропусти и недоследности за нашето редовно работење. Тука навистина **немаме што да приговориме**, освен да напоменам дека во МИА сме подготвени до крајот на оваа (2010 година) да ги донесеме сите акти кои се нотирани во Вашиот Нацрт-извештај (пред сѐ актот за систематизација и организација) и дека од почетокот на 2011 ќе се потрудиме да функционираме усогласено со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики во делот на сметководствено-финансиското работење, во делот на јавните набавки (кои во МИА се многу мали), како и во секојдневното деловно работење.

Не е оправдување, но сакам да напоменам дека затекнатата ситуација се должи на наследени хаотични состојби од претходните години и на извесна инерција...

Сепак би сакал да ми верувате дека последниве 3-4 години сме направиле многу за воспоставување и почитување на законските процедури и за средување на нашата архива.

Правилникот за систематизација и организација го работиме веќе подолго време и е во завршна фаза на донесување. Во тој правилник, кој е дизајниран според сегашните

потреби на МИА, предвидено е и работно место Секретар (деловен) на агенцијата кој треба да биде правник.

Би сакал да Ве убедам дека во МИА настојуваме да работиме колку што е можно поекономично, но тоа да не се одрази на професионалноста, на квалитетот и на содржината на сервисите и потсервисите кои ги користат нашите корисници, бидејќи сме во ограничена финансиска состојба. Од таквите настојувања сме принудени да соработуваме со надворешни лица врз основа на договори за авторска соработка. Тоа, пред сè се лица кои вршат дописнички услуги (од Македонија и од странство) или подготвуваат авторски прилози за сервисите и потсервисите на МИА. МИА навистина не располага со фискална способост (ниту со реална потреба) овие лица да ги ангажира со постојани или времени вработувања.

Со цел конечниот текст на Извештајот да биде ослободен од непрецизности и неточности, би сакал да укажам дека лицето - дописник од Брисел е ангажирано со **одлука на Управниот одбор на МИА**, а не со одлука на Владата, како што е наведено во Нацрт-извештајот на страница 7. Со одлука на Владата на МИА и се одобрени средства за таа намена, по претходно барање на МИА.

Исто така треба да се прецизира податокот дека **МИА е основана со акт на Собранието** на Република Македонија на 18 февруари 1992 година. Нејзиното активирање, од непознати причини, се одлагаше до септември 1998 година, кога МИА профункционира како Јавно претпријатие, а во текот на мај 2006 година е извршена трансформацијата од Јавно претпријатие во Акционерско друштво во државна сопственост. Ова Ви го пишувам заради прецизирање на податокот кој е наведен во Нацрт-извештајот на почетокот на страница 11.

На крајот, уште еднаш Ви се заблагодарувам за сите укажувања и за подготвеноста на Вашите луѓе за натамошна соработка и помош со МИА. Вие и Вашите луѓе што беа кај нас ни помогнавте да ги лоцираме слабостите и недоследностите во нашето секојдневно работење и сега знаеме каде треба да се корегираме. Ние тоа ќе го направиме.

Со изрази на искрено уважување:

Љупчо Јакимоски,
*генерален директор и претседател на УО на МИА*

**ПРИЛОГ БРОЈ 2**

# ОДГОВОР

**на забелешки на констатациите од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година кај Македонска информативна агенција АД**

Забелешките доставени од Генералниот директор и претседателот на Управниот одбор на Македонска информативна агенција АД се прифаќаат и истите според содржината претставуваат до прецизирање на  точката 5 - Настанување на прашања на неизвесност од Нацрт извештајот во делот на назначување на лице дописник во Брисел, како и во Образложенијата, во делот на дефинирање на актот за основање на агенцијата.

Имено, со забелешката е коригирана точката 5 – Нагласување на прашања на неизвесност, така што ангажирањето на лице дописник во Брисел е врз основа на Заклучок на Владата на Република Македонија, а изборот на лицето е извршено од страна на  Македонска информативна агенција АД.